**Разговор со точката**

Прашање: За вас, Точко мала,
знаеме дека
реченицата ја завршувате.
Дали, ве молиме,
само оваа задача ја извршувате?

Одговор: На читателите
јас добро им правам,
мал одмор има давам.
Штом ќе дојдете до мене,
ве предупредувам јас:
-Читатели, застанете малку,
спуштете глас!







**Разговор со Запирката:**

Прашање: Сред зборовите напишани
и вие, почитувана Запирко,
мошне често
добивате место.
Кажете ни, ве молиме ние,
каква задача вршите вие?

Одговор: За мојата служба важна
многу ќе треба да се рече.
Јас помагам
мислата убаво да тече.
Во реченицата
кога крај мене ќе минете,
треба малку да си починете,
гласот малку да го кренете,
воздух да си земете.
За другите задачи мои
во книгите опширно стои...





**Разговор со Прашалникот**

Прашање: Вие сте Прашалник,
бастунче на крај што стои.
Ве молиме
кажете ни ги задачите свои.

Одговор: Штом во пишувањето
нешто прашувате,
секогаш мене ме пишувате.
Кога на крајот од реченицата
ќе ме најдете мене,
знајте:
гласот ќе треба малку да се крене.



**Разговор со Извичникот**

Прашање: Вие, Извичнику,
на крајот од реченицата
како топола стрчите.
Кажете ни, каква задача вршите?

Одговор: И јас сум знак
што треба да се почитува,
да се запазува.
Ме ставаат кога
чудење се изразува,
кога се вика
кога се клика...



_______________________

име и презиме



**Разговор со Прашалникот**

Прашање: Вие сте Прашалник,
бастунче на крај што стои.
Ве молиме
кажете ни ги задачите свои.



Одговор: Штом во пишувањето
нешто прашувате,
секогаш мене ме пишувате.
Кога на крајот од реченицата
ќе ме најдете мене,
знајте:
гласот ќе треба малку да се крене.

**Разговор со Извичникот**

Прашање: Вие, Извичнику,
на крајот од реченицата
како топола стрчите.
Кажете ни, каква задача вршите?

Одговор: И јас сум знак
што треба да се почитува,
да се запазува.
Ме ставаат кога
чудење се изразува,
кога се вика
кога се клика...



______________________________
име и презиме

**Разговор со точката**

Прашање: За вас, Точко мала,
знаеме дека
реченицата ја завршувате.
Дали, ве молиме,
само оваа задача ја извршувате?



Одговор: На читателите
јас добро им правам,
мал одмор има давам.
Штом ќе дојдете до мене,
ве предупредувам јас:
-Читатели, застанете малку,
спуштете глас!





**Разговор со Запирката:**

Прашање: Сред зборовите напишани
и вие, почитувана Запирко,
мошне често
добивате место.
Кажете ни, ве молиме ние,
каква задача вршите вие?

Одговор: За мојата служба важна
многу ќе треба да се рече.
Јас помагам
мислата убаво да тече.
Во реченицата
кога крај мене ќе минете,
треба малку да си починете,
гласот малку да го кренете,
воздух да си земете.
За другите задачи мои
во книгите опширно стои...

